**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 март 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,25 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по 104-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Марјан Додевски, Гоце Маркоски, Лазар Китановски, Александар Николовски, Илија Димовски, Никола Рилкоски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Али Ахмети, Фазли Велиу, Азис Положани и Љубчо Георгиевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Предлог за донесување на закон за катастар на недвижности, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлоготна законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам претседателе.

Владата овој амандман не го прифаќа. Ако ми дозволите едно кратко образложение. За разлика од претходниот амандман предложен од Никола Ќуркчиев кој бараше промена во самиот состав на Управниот одбор. Со овој амандман се предлага зголемвуање на Управниот одбор со уште два члена, претставник од единиците на локалната самоуправа и од Агенцијата. Притоа, потсетувајки го со фактот околу делот на средствата.

Сакам да напоменам дека со членот 20 со кој се пропишуваат алтернтивните извори на средства за работа на Агенцијата на договорна основа,предвидена е можност, потенцирам предвидена е можност, а и не законска обврска во обезбедувањето на средствата за реализацијата на стратешкиот план, годишната програма за реализација на стратешкиот план и годишниот финансиски план да учествуваат као единиците на локалната самоуправа, така и другите правни и физички лица врз основа на договор склучен со Агенцијата. Инаку, основни извори на средствата за работа на Агенцијата согласно член 19 се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија приходи од надоместоци, даноци и други извори согласни со донации и други извори согласно со закон. До колку ја следиме логиката по која се раководеле поднесувачите односно почитуваните пратеници на овој амандман при формулирањето на истиот, тогаш членови на Управниот одбор би требало да бидат и претставници на правните и физичките лица односно на корисниците на услугит ена Агенцијата. Ова е образложеniето, почитуван претседателе, зошто Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе.

Јас мислам дека не држат аргументите на господинот заменик министер и самиот на крајот кажа дека до колку ваков состав на структура на Управниот одбор на Агенцијата правиме дека е потребно како член на Управниот одбор или да има свој претставник и корисниците, правните лица и физичките лица корисници на овие услуги. Значи, ако навистина има потреба, а има сигурно потреба, затоа што овој Катастар го формираме или оваа Агенција ја правиме заради корисниците на услуги, заради потребите кои ќе ги имаат корисниците на услуги, можеби нас во моментов не ни паднало на памет, ама ова е добра идеа, покрај овие членови на Управниот одбор кој што ги предлагаме, а тоа е претставникот Заедницата на единиците на локалната самоуправа, бидејќи како што кажавте ако во членот 20 има можност да обезбедуваат средства, тогаш или нека се брише оваа можност или обврска за обезбедување на средства на локалната самоуправа и тогаш нема потреба од член на Управниот одбор од заедниците на единиците или пак нека се прифати овој амандман, но очигледно еве министерот не го прифаќа, јас ова го образложувам заради пратениците кои ќе гласаат и заради јавноста. Секако дека до колку не прифаќате да биде претставник или член на Управниот одбор, претставник на вработените во Агенцијата, би било добро да се договориме. Значи Управниот одбор на Агенцијата да има еден претставник од Заедницата на единиците на локална самоуправа и еден претставник од корисниците на овие услуги. Тогаш, навистина структурата на Управниот одбор би одговарала на надлежностите и на функцијата која што ќе ја работи овој Управен одбор.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

За збор се јавив и за претходниот амандман од колегата Ќуркчиев, каде што исто така се бараше измена, навистина тука бројот остануваше ист, но се бараше измена во структурата на самиот Управнен одбор. Овде гледаме дека имаме предлог тој број да на се зголемува и слушајќи го образложението од заменикот министер, да

бидам искрена сметам дека можеби најдобро е Владата во текот на расправата да изготви еден амандман во насока на овој член 9 и само така ќе се регулираат некои работи што овде инаку се многу лошо регулирани и даваат можност за голем сомнеж како за партизирање на овој Управен одбор, затоа што буквално така е поставено, така и за негово работење кое што ќе остава сомнение кај оние кои се корисници.

Јас и минатиот пат реков и пак ќе повторам,мојата забелешка се однесува на следното. Ако Агенцијата е сервисно односно клиентско ориентирана, каде се претставниците на клиентите во Управниот одбор. Каде се, јас не ги гледам овде да имаме значи еднио тобид од колегата Ќуркчиев и другито од колешката Цветанка Иванова се отфрла, барем до некаде да се подобри ситуацијата. Вистински клиенти на Агенцијата се граѓаните корисници на катастарски услуги, банките, нотарите, адвокатите, приватните геодетски фирми, агенциите на недвижности, јавните претпријатија, единиците на локалната самоуправа, сите оние кои што плаќаат услуги на Катастарот, а нивни претставници никаде немаме. Така, ниту имаме претставници на Адвокатската комора, ниту претставници на нотарите, ниту претставници на геодетските приватни фирми, апсолутно ниту од корисниците од граѓаните, го нема ни ЗЕЛС. Сега, кога се прават обиди со два амандмани оваа ситуација барем малку да се подобри, се одбива со некое образложение, кое што ајде да гоземеме дека е точно образложението на заменикот министер, но и самиот укажува дека има недостаток во градењето на овој член. Затоа, мислам дека е најдобро, до колку колегите пратеници од парламентарното мнозинство немаат волја да го прифатат овој амандман,тогаш можеби и откога нема да биде прифатен амандманот, во текот на расправата Министерството да изготви еден амандман во кој што ќе бидат вградени забелешките искажани овде и од двајцата претходни говорници, колегит еод опозицијата. Само така Ќе донесеме еден добар закон.Знаеме ое е значењето на Управниот одбор, да не се прикриваме дека тоа е некоја функција што апсолутно не е значајна. Имаме Агенција правиме трансформација на Катастарот, јас доста говорев околу тоа и сега едно вакво значајно тело, еден орган на управување да го решиме на партиски начин, мислам дека не е во ред, до толку повеќе што сите констатиравме дека најголемиот број на корупција и мито ги имаме баш во Катастарот. Сакаме ли искрено да се бориме против ова зло или и понатаму со назначување на еден ваков Управен одбор сакаме да даваме подршка на сето ова што се случува таму и граѓаните повторно да чекаат со месеци и години и да ни бегаат странските инвеститори. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Сакам да дадам поддршка на амандманот на колешката Цветанка Иванова од едноставна причина што овој амандман е многу близок до амандманот што го поднесов јас, а се работи за Управниот одбор на Агенцијата за катастар. Имено, предлагачот предвидил дека составот на оваа Агенција треба да биде од 5 члена, каде што сите 5 члена треба да бидат членови на Министерството односно предлозите ги даваат министрите. Веќе знаеме кои министерства. Тоа се Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Министерството за животна средина и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Ценам дека предлогот кој што е даден од страна на предлагачите на овој амандман, овој предлог да се зголеми на 7 е навистина разумен предлог и не гледам причина зошто предлагачот не го прифаќа кога нависитна на овој начин можат да се опфати сегментот на приватната геодетска практика во Република Македонија и дел од еснафот да речеме, да има свој претставник во овој Управен одбор.

Втората работа, онака како што е предложено Заедницата на единиците на локалната самоуправа истовремено да имаат свој член, а тоа значи дека сите општини во Република Македонија ќе можат преку својот претставник да ги искажуваат своите видувања за тоа како и на кој начин катастарот за недвижности се одвива во Република Македонија. Навистина, не гледам причина овој амандман да не биде прифатен од едноставна причина што не е добро овој орган да биде исклучиво составен од политички лица, составен од предлози од министерствата веќе кои што ги набројав. Навистина ценам дека едни вакви исклучиво комплексни и суптилни надлежности кои што се веќе дадени на Агенцијата за катастар на недвижности, би можел да ја доведе самата Агенција во една многу незавидна сосотјба.

Прво, нема да може да учествува на било каков семинар кој што го организира Европската комисија од едноставна причина што луѓето кој што ќе бидат предложени можеби никогаш немале допирна точка со оваа материја.

Втората работа е регистрацијата нема да може да ја контролираат овие луѓе од страна на министерствата. Ако тргнеме по онаа логика дека структурата на Агенцијата треба да биде составена исклучиво од владеачките партии во Република Македонија, тоа значи дека таа структура како што ќе се менува власта во Република Македонија, така ќе се менува и таа. Во еден ваков орган кој што контролира еден сериозен сегмент каков што е катастарот на недвижности, мислам дека повеќе од потребно е да биде рпифатен овој амандман.

Уште еднаш една голема замолница до предлагачот на законот да размисли и да го прифати овој амандман. Почитувани колеги, има многу аргументи зошто овој амандман треба да добие подршка од нас пратениците. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање, но за жал немаме доволен број пратеници.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да можеме да гласаме.

Ги повикувам сите пратеници кои се наоѓаат во Собранието, а сеуште не влегле во салата, да повелат да влезат во салата, за да можеме да почнеме да работиме.

Објавувам прекин на седницата за ручек до 15,00 часот.

(По паузата)

**Благој Зашов:** Колеги пратеници, и покрај мојот обид да се обезбеди доволен број на пратеници во салата, бидејќи треба да гласаме, за жал нема доволен број на пратеници и поради тоа во овој момент ја прекинувам седницата и ве известувам дека ќе продолжиме утре во 11,00 часот Собрание истата седница. За тоа ќе бидете известени преку смс пораки.

(Седницата прекина со работа во 15,24 часот)